ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2024



# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 6 април 2024*

**Две библиски личности се качиле на дрво. Што значи тоа?**

Библијата многу прецизно ги опишува луѓето и настаните, а бидејќи **„целото Писмо е од Бога дадено“** и ниту едно пророштво не потекнува од човечка волја, туку луѓе поттикнати од Светиот Дух зборувале од Бога (2. Тимотеј 3,16; 2. Петрово 1,21.), верувам дека секој детал во Светото писмо има големо значење и дека може да ни даде важна духовна поука.

Библиските писатели „поттикнати од Светиот Дух“, сметале дека е важно две лица да бидат спомената како такви кои се качиле на дрво. Кои се тие луѓе и зошто е тој факт толку важен?

„Потоа влезе Исус во Ерихон и минуваше низ него. И ете, еден човек по име Закхеј, кој беше началник на цариниците, и беше богат, настојуваше да види Кој е Тој Исус, но не можеше од народот, зашто беше низок по раст. Затоа потрча напред и се качи на една смоква за да Го види, бидејќи покрај неа требаше да помине. Исус, пак, кога дојде на тоа место, погледна нагоре, го виде и му рече: ‚Закхеј, слези побргу, зашто денес треба да бидам во твојот дом‘“ (Лука 19,1-6).

Токму како што на Евреите им се чинело дека озлогласениот царински старешина не го интересира ништо друго освен златници и нечесно богатство, така и ние денес може да не забележиме дека под нечија појава на световност и горделивост се крие срце спремно да го прифати божественото влијание. Сметајќи дека е премногу ‘световен’ за да му кажуваме за Бога, сомневајќи се во искреноста на побудите и на позитивните постапки на оној кој сака да се врати од лош пат, и ние некому можеме да не му дозволиме да го види Исуса. Силната желба на Захеј и неговата непоколебливост претставуваат поука за сите нас. Исус сè уште посредува за нас, сè уште минува низ нашиот Ерихон, а ние треба да направиме сè од наша страна за да го здогледаме лицето на Оној кој ни дал една нова надеж; и ние треба да „потрчаме напред“ и да се „качиме на смоквата‘ и да им дозволиме на другите да се пробијат до Исуса.

А која е таа друга библиска личност? Тоа е нашиот драг Спасител. Исус рекол: „И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината,

така треба да биде издигнат Синот човеков... А јас кога ќе бидам воздигнат од земјата, ќе ги привлечам сите кон себе. Тоа го рече за да покаже со каква смрт ќе умре“ (Јован 3,14; 12,32.33).

Кога дошол до црницата на која бил Захеј, Исус погледнал нагоре и му рекол да се симне. Меѓутоа, овојпат Исус бил горе, но не на разгранета црница, која би го заштитувала од силното сонце, туку на голиот изделкан крст од кој не сакал да се симне. Захеј брзо се симнал од дрвото и сигурно во својот дом подготвил гозба за Исуса. Прикован за своето „дрво“, Исус со часови умирал во најтешки душевни и физички маки за да може нас да нè повика на вечера на свадбената свеченост на Јагнето.

Браќа и сестри, секој од нас нека се качи на своја црница - секој од нас нека направи сè што стои до него за да го види Исуса од неговото дрво. Нашиот поглед нека биде насочен кон Крстот и ќе видиме дека Исус оттаму ни испраќа поглед полн со љубов, сочувство и проштавање. Амин.

*Сабота, 13 април 2024*

## Неверојатни херои

*„Тогаш Господ почна да им издига судии, за да ги избавуваат од рацете на оние што ги ограбуваа.“ (Судии 2,16)*

Книгата за судиите е извештај за Божјиот народ кој станал духовно рамнодушен и бунтовен. По смртта на Исус Навин и неговите соработници, следната генерација „го оставија Господа, Бога на своите татковци, кој ги изведе од Египетската Земја, и тргнаа по други богови“ (Судии 2,12).

Тажниот опис на непостојаност и недостаток на верност не е место каде што може да се пронајдат духовни херои, но сепак четворицата судии опишани во книгата за Судиите: Гедеон, Варак, Самсон и Јефтај (4-16 глава) се споменуваат во новозаветното послание до Евреите (11,32). Заедно со Ное, Аврам, Мојсеј и другите важни личности, тие се пофалени поради својата вера и лојалност.

Меѓутоа, книгата за судиите ги прикажува овие грешни луѓе кои одговориле на Божјиот повик во текот на духовната темнина во својата култура. Библијата ги почестува поради нивната вера, а не поради нивната совршеност. И на нив им било потребно да ја примат Божјата милост исто како и ние во денешно време.

Во секое поколение Бог подигнува луѓе кои му се верни Нему и на Неговата Реч. Вредноста на нивниот живот, исто како и нашиот, не е во непогрешливоста, туку во присутноста на Божјето милостиво проштавање, како и верата и послушноста на неговиот повик. Сите Божји победници се неверојатни херои, бидејќи верата во Христа обичните луѓе ги претвора во неверојатни херои.

Секоја сабота може да биде уште еден чекор во неверојатната преобразба на сите оние кои на Бога му ја подариле својата целосна доверба.

*Сабота, 20 април 2024*

**Религиозност или Христос**

***„Зашто по благодат сте спасени, преку верата, и тоа не е од вас самите - тоа е Божји дар! Не од делата, за да не се фали некој“ (Ефесјаните 2,8.9).***

Марија многу се трудела на работното место, бидејќи сакала шефот да ѝ го признае целиот труд и да ја награди со поголема плата. Невена ја сака својата работа и производите на нејзиното претпријатие многу добро се продаваат. Од лојалност кон сопственикот на претпријатието, многу се труди производот да биде што подобар.

Марија се надева дека Бог еден ден ќе ги награди нејзините добри дела, како и нејзината религиозност. Таквите луѓе сметаат на своите добри дела со кои сакаат да влезат на небото.

Невена е личност која се надева на Бога кој ќе ја прифати на небото. Таквите луѓе прават добри дела од благодарност и љубов кон Господа.

Некој религиозен може да верува во Бога, да оди во црква, да изговара молитви, да искажува љубезност кон другите и во очите на останатите да изгледа како многу добра личност. Таквите религиозни луѓе можат да имаат свои доблести, но религијата не може да ја надомести довербата во Исуса Христа.

Луѓето на верата се надеваат во Христа за да им ги прости гревовите. Имаат сигурност дека еден ден ќе дојдат на небото, така што секој ден копнеат да бидат како Исус. Апостол Павле рекол дека до спасението се стигнува само со милоста преку верата. Не доаѓа од делата, туку претставува Божји дар (Ефесјаните 2,8.9).

Единствениот пат до Небесниот Татко е верата во Исуса Христа и надевањето во Неговото дело на откупување на грешниците кои се каат.

„Исус му рече: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот. Никој не доаѓа при Татко Ми, освен преку Мене." (Јован 14,6)

Не постојат многу патишта кон небото, бидејќи Библијата вели дека патот е еден. Верувај во Исуса Христа и ќе се спасиш.

*Сабота, 27 април 2024*

## Неволји со лисиците

***„Ако речеме дека немаме грев се измамуваме сами себе, и вистината не е во нас" (1. Јованово 1,8).***

Жителите на Велика Британија имаат големи неволји со лисиците. Овие итри мали суштества завладеале со големите градови и предизвикале големи неволји. Превртуваат канти за отпадоци, крадат чевли кои се наоѓаат во дворовите, уништуваат градинарски насади и зад себе оставаат ужасна смрдеа.

Кога градските граници се поместиле кон блиските полиња и шуми, малите штетници се прилагодиле, но не побегнале. Поради тоа, многу жители на големите градови имаат голема мака со нив.

Размислете за малите лисици кои може да станат голем проблем на Христовите следбеници кои настојуваат да го почитуваат и слават. Делата што ги сметаме за ситни и безопасни гревови можат да бидат главна причина за нашето паѓање. Разводнување на вистината не претставува ништо друго туку обична измама. Разводнувањето е лишување од основната суштина. На пример, озборувањето не е ништо друго, туку разорување на сопствениот карактер. Апостол Павле вели: „И бидејќи не се обидоа да Го имаат Бога во нивните мисли, Бог ги предаде на нивниот изопачен ум, за да прават што не прилега: исполнети со секаков вид неправда, расипаност, алчност, зло; полни со завист,... расправии, лукавства, подмолност; озборувачи, клеветници, мразители на Бога, насилници, горди, самопофалувачи, измислувачи на зла, непокорни на родителите, неразумни, неповерливи, без љубов и без милосрдие“ (Римјаните 1,28-31). Секоја похот, сладострастие, завист, дрчност, мрзливост, алчност, омраза, гнев, горделивост нека не најдат место во нашето срце. Ниеден човек не може да види колку се тие мали или големи во нас. Неволјата е во тоа што овие мали гревови наскоро можат да пораснат во големи гревови. Пред да станеме свесни за тоа, мора нешто да преземеме. Треба да ги признаеме нашите гревови и да се покаеме.

Ако некои мали лисици навлегле во вашиот двор и во градината на вашиот духовен живот, време е веднаш да преземете нешто. Со помош на Светиот Дух, именувајте ги тие гревови. Признајте ги малите и ситните гревови на Бога и ослободете се од нив пред да го уништат целиот ваш живот, бидејќи најсмртоносниот грев не напаѓа отворено туку лукаво се вовлекува во вашиот живот.

*Сабота, 4 мај 2024*

## Забавете

***„И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи“ (1. Мојсеева 2,2).***

Живееме во свет презафатен со разни работи. Ни се чини се потешко да го поедноставиме комплицираниот живот! Зар не ви се чини дека мора уште нешто да завршиме, така што немаме време да се одмориме? Чесно одговорете на следните прашања со помош на кои ќе согледате дали ви е потребен одмор. Дали се чувствувате стресно во секојдневните животни активности? Дали ви е тешко да се радувате? Дали го одмарате своето тело онолку колку што му е потребно? Дали се будите уморни?

Во текот на создавањето, Бог воспоставил систем на работа и одмор. Тој е пример за сите верници. Полни шест дена работел создавајќи го светот и работата во него. Но, седмиот ден, откако ги довршил своите дела на создавање, тој се одморил. Бог со тоа покажал дека одморот е неопходен.

Исус ни укажал на важноста да се одмориме, кога уморен седнал покрај изворот по долгото пешачење (Јован 4,6) и кога заспал во чамецот (Марко 4,38). Исто така се одморал и кога заедно со учениците се издвоил од мноштвото кое го барало (Марко 6,31.32).

Господ ни дал пример кога се одморал од создавањето на светот и во текот на својата земна служба, затоа, и нам ни е потребен одмор од работата. Времето што ќе го издвоиме за одмор, ќе нѐ обнови и ќе нѐ освежи, така што ќе бидеме оспособени за идната служба.

*Сабота, 11 мај 2024*

## Тајната на сатаната

***„Вие сте од Бога, дечиња, и вие ги победивте, зашто е поголем Оној, Кој е во вас, отколку оној, кој е во светот“ (1. Јованово 4,4).***

Кога полиција запрела еден инструктор за возење при еден помал судир со камион и му ја побарале возачката дозвола, тој не можел да ја покаже. Ги поучувал идните возачи на автомобили полни 40 години а немал возачка дозвола! Пред многу години не

успеал да го положи возачкиот испит и се плашел по втор пат да оди. Го криел тоа со години поради срам што не можел да го положи возачкиот испит.

Сатаната исто така чува една тајна од минатото која не сака да ја дознаеме. Која е неговата тајна? Повеќе нема моќ да нè одвои од Бога. Нашиот непријател не сака никој да ја дознае вистината за Него, бидејќи сака да ги држи неверниците под власт на гревот, додека верниците ги поттикнува да згрешат.

Навистина, поради гревот ние сме отуѓени од Бога. Но, кога Исус умрел на крстот, тој на себе ги поднел сите наши гревови и ја презел нашата смртна казна. Потоа Бог го подигнал Исуса од мртвите и сега Тој повторно владее на небото!

Кога се надеваме во Христовите заслуги за нас, тогаш почнува еден нов однос со Бога и гревот повеќе нема власт над нас. Апостол Павле напишал: „Имено, гревот не ќе има веќе власт над вас, зашто не сте под Законот, туку под благодатта“ (Римјаните 6,14)

Не сме веќе одвоени од Бога. Ние сме ослободени од робувањето на гревот. Сотонската тајна е откриена. Бог сè уште стои помеѓу христијаните и непријателот. Затоа да бидеме слободни и да не дозволуваме повторно да паднеме во ропството на гревот.

*Сабота, 18 мај 2024*

## Бог кој гледа

***„Таа Го нарече Господа, Кој и зборуваше: ‚Ти Си Севидечки Бог (Ел Рои), зашто‘ - таа рече - ‚Го видов Бога и после видувањето останав жива!‘“ (1. Мојсеева 16,13)***

На пазарот постојат многу електронски уреди кои откриваат каде се наоѓаат одредени работи. Трговците ветуваат дека можат да влезат во трага на старите лица, децата, парите, домашните миленици, па дури и на можните жртви на грабнување.

Иако овие електронски уреди може да имаат одредена корист,

во тоа време на Агара воопшто не би ѝ користеле. Се чинело како никој да не се грижи за неа и нејзиното неродено дете. Никому не му било важно во каква состојба се наоѓаат како талкачи во пустината. Единствен кој гледал бил „ЕЛ РОИ“ што на еврејски значи „Бог кој сѐ гледа.“

Агара била слугинка на Аврамовата жена Сара. Таа се чувствувала како најслаба алка во синџирот на Божјите ветувања со кои требало да биде благословен Аврам и Неговото потомство. Сара била неплодна па му понудила на Аврам да легне со нејзината слугинка и преку неа да стекне наследници. Тој непромислен предлог дошол поради затегнатоста во рамките на една култура во која наследникот бил многу важен. Тоа довело до големи неволји. Кога Агара забременила, таа ѝ се потсмевала на Сара која била неплодна. Тогаш Сара многу сурово постапила кон неа и ја избркала во пустината. Таму во пустината, гледајќи ја својата беда во минатото и несигурноста пред неа во иднината, Агара го сретнала Бога, кој ја видел нејзината неволја, и се погрижил за неа.

Ел Рои ги гледа и нашите минати неволји, сегашните борби и неизвесната иднина. Толку е внимателен што го знае и најмалото врапче кое не дозволува да падне (Матеј 10,29-31). Тој е Бог кој се грижи за сите нас во денешно време. Да го насочиме нашиот поглед кон Бога бидејќи Тој никогаш не го свртува својот поглед од нас.

*Сабота, 25 мај 2024*

**Среќа и светост**

***„Стремете се кон мирот со сите и кон светоста, без која никој не може да Го види Господа“ (Евреите 12,14)***

На еден меѓународен универзитет може да одберете студии за пронаоѓање среќа. Тој омилен предмет им помага на студентите да откријат, според наводите на професорот „како да доживеат среќа“.

Тоа не е лоша идеја. Всушност, Библијата со неколку цитати нагласува работи кои се важни за среќата и радоста. Мудриот Со-

ломон ни порачува дека Бог ја дава среќата како исклучителна предност: „Знам дека нема друга среќа за човекот освен да се весели и да прави добро за време на својот живот“ (Проповедник 3,12).

Меѓутоа, понекогаш премногу трагаме за земската среќа. Ја сметаме за најголемо достигнување, па дури и веруваме дека среќата е највисоката цел што Бог ја поставува пред нас. И токму тогаш во нашето размислување настанува збрка.

Божјата Реч ни објавува дека вистинската среќа доаѓа единствено со извршување на Божјите закони (Псалм 1,1.2; Мудри изреки 16,20; 29,18).

Бог бара светост и нѐ повикал да живееме посветен живот кој ги одразува Неговите морални доблести (1. Солуњаните 4,7; 2. Петрово 3,11). Во 1. Петрово читаме: „Туку според Светецот, Кој ве повика, бидете и самите свети во целото свое држење, зашто е напишано: „Бидете свети, зашто Јас Сум свет” (1. Петрово 1,15.16).

Кога се соочуваме со одлуката како да дејствуваме или да живееме, мора да ги имаме на ум Божјите заповеди. Бог не вели: „Биди среќен!“, туку „Биди свет“. Вистинската среќа и радост во животот доаѓа ако живееме свет и на Бога посветен живот. **Нема вистинска среќа без светлина, и нема светлина без Исуса Христа.**

*Сабота, 1 јуни 2024*

## Патот до успехот

***„Книжниот свиток на Законот нека биде на твојата уста: размислувај за него дење и ноќе, за да пазиш верно сѐ што е напишано во него: само тогаш ќе бидеш среќен и ќе успееш во потфатите“ (Исус Навин 1,8).***

Во текот на кинеската нова година, постои обичај да се дели хонгбаос (мали црковни пликови во кои се наоѓаат пари). Кога родителите ќе им поделат хонгбаос на своите деца, со тоа им посакуваат успех и среќа. Знаејќи дека искрените желби не се доволни, тие ги потсетуваат своите деца дека мора трудољубиво да учат.

Кинезите обично сметаат дека доброто образование е клуч за успех во животот.

Во првата глава на книгата за Исус Навин Бог, му рекол на Исус да напредува откако ја презел Мојсеевата улога како водач на народот. Но тој заедно со народот морал да покаже храброст кога се соочиле со суровите непријатели во Ветената земја. Бог им ветил успех ако ги држат заповедите изнесени во книгата на Законот.

И во денешно време верниците треба да живеат според она што го кажува Бог, ако сакаат да имаат успех во својот духовен живот. Библијата не содржи само „тоа смееш а тоа не смееш“, туку, со оглед на животните околности, ги забележува животните искуства на луѓето кои го слушале Бога и оние кои го отфрлувале.

И ние, како Исус Навин имаме Божје ветување дека Тој ќе биде секогаш со нас. „Биди силен и биди храбар? ‚Не бој се и не плаши се, зашто каде и да тргнеш, со тебе е Господ, твојот Бог‘“ (Исус Навин 1,9; Матеј 28,20). Тоа треба да ни даде сила и храброст кога се соочуваме со тегобите кои неминовно се јавуваат додека се обидуваме да му угодиме на Бога.

*Сабота, 8 јуни 2024*

## Најдоброто откровение

***„’Го најдов Свитокот на Законот во Господовиот Дом’. Хелкиј му го даде книжниот свиток на Сафана“ (2. Дневникот 34,15).***

Во 1987 година брачната двојка Зартманс на распродажба купила четири книги. Биле возбудени кога откриле дека книгите содржат две збирки на писма и проповеди на Џон Њутн (1725-1807), проповедник и поет. Џон Њутн ја напишал прекрасната песна „О милост Божја чудесна.“ Во таа збирка песни биле и проповедите во два дела кои се темелеле на ораториумот на Хендл со наслов „Месија.“

Семејството на Њутн ги сочувало пишаните дела пренесувајќи

ги од едно поколение на друго во текот на многу години. А потоа, во 1840 година, нивните наследници тие дела ги донеле во Америка.

Уште поголемо откровение е запишано во 2. Дневникот 34,15. За време на владеењето на Јосија, царот на Јудеја, било наредено да се обнови храмот во кој големиот првосвештеник Халкија ја пронашол книгата на законот која Мојсеј ја добил од Господа. Кога Јосија ги слушнал зборовите на законот (19 стих), бил засрамен, така што застанал пред својот народ за да го обнови заветот со Бога и го извршувал сето она што било напишано во книгата на законот (стих 31).

Библијата сѐ уште претставува најдобрата книга што можеме да ја откриваме. Во неа секогаш одново дознаваме што очекува Бог од нас и како да му угодиме, се разбира, за наше добро и за наша вечна радост и среќа.

*Сабота, 15 јуни 2024*

**Ѕид кој обединува**

***„Така го градевме ѕидот, кој наскоро беше завршен до половина височина. Народот имаше воодушевување за работата“ (Немија 4,6).***

Ѕидовите ги раздвојуваат луѓето. Токму затоа ги подигнуваат. Големиот кинески ѕид бил подигнат да ги задржи нападите на непријателот. Тој одбранбен ѕид се протегал на околу 6000 километри. Во денешно време не постои поголема градба од него. Наспроти тоа, берлинскиот ѕид во 1989 година ги обединил луѓето од двете држави во еден народ. Тоа довело до голема прослава.

Пред многу векови, обновата на еден друг ѕид послужила еден народ да се соедини. Бог му порачал на Немија да го обнови ѕидот околу градот Ерусалим. Бил неопходен за одбрана и заштита, а потоа бил разрушен во текот на вавилонската инвазија. Меѓутоа,

непријателите на Евреите се противеле на обновата и барале начин да ги осуетат нивните планови (5 и 6 стих). Додека еден дел од луѓето работеле, други стоеле на стража и ги заштитувале.

Покрај тоа што давал заштита ѕидот бил доказ на делотворноста на заедничката работа и единството (Немија 3 глава). Сите кои учествувале во оваа работа придонеле со своите знаења и способности оваа обнова да биде успешна. Така биле поврзани сите заедно и постигнале многу повеќе отколку да дејствувале како поединци.

Така би требало да биде и денес во нашите цркви. Нашите таленти се Божји дарови со кои треба да го изградуваме Неговото царство. Повеќе ќе успееме ако работиме заедно обединети со истата намера.

*Сабота, 22 јуни 2024*

**Во пустината**

***„Потоа рече: ‚Ако го слушаш добро гласот на Господа, својот Бог, вршејќи што е право во Неговите очи; ако го насочуваш своето уво кон Неговите заповеди и ги држиш Неговите закони, нема да пуштам на вас никакви болести, што ги пуштив на Египетците. Зашто Јас Сум Господ, твој исцелител‘“ (2. Мојсеева 15,26).***

Откако Израелците чудесно поминале преку Црвеното море, тие биле одведени во пустината. Колку чудно што Бог ги одвел од местото на кое ја објавил својата моќ до едно место на разочарување и сиромаштија!

Но Бог сакал да им покаже дека животот е целина на горчливи и слатки победи и порази. Кога Израелците стигнале до Мара, почнале да приговараат што водата за пиење станала горчлива (2. Мојсеева 15,23). Откако Мојсеј го повикал Господа (25 стих), Бог ги потсетил дека треба да ги извршуваат неговите заповеди (26 стих). Потоа ги одвел до местото Елим, каде што имало свежа и

питка вода во изобилство (стих 27).

Бог сакал да ги поучи дека секое искуство на нивниот пат им открива што се наоѓа во нивните срца. Таа проверка покажала дека живеат според претпоставките, а не според верата.

Исто така научиле дека Бог е вклучен во нивниот секојдневен живот и работа. Сакал да сфатат дека не само што може да го раздели морето туку може да им обезбеди и вода за пиење. Ги познавал нивните потреби бидејќи го планирал нивниот пат.

Ако и вие се наоѓате во пустината на разочарувањата и огорченоста, надевајте се во Бога, бидејќи Тој точно знае што ви е потребно. Ако сте послушни на Неговите заповеди, Тој ќе ве изведе од пустината и ќе ве доведе до местото на духовно изобилство и освежување. Саботниот ден дава изобилство можности за нови откровенија, нова вера и ново охрабрување.

*Сабота, 29 јуни 2024*

**Слободата нека одѕвонува**

***„Ова е пост што Ми е по волјата: да ги кинеш неправедните окови, да ги разврзеш врските на јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетуваните, да ги скршиш сите окови“ (Исаија 58,6).***

Во 1963 година, за време на мирните протести во Вашингтон, Мартин Лутер Кинг Јуниор го одржал својот познат говор со наслов „Јас имам сон“. Со исклучителни говорни способности ги повикал присутните слободата да одекнува од сите планински врвови насекаде низ земјата. Цената што лично ја платил за тој повик и сите други кои му се придружиле во тој мировен протест била висока, но наскоро дошло до вистински промени.

Бог го употребил тој говор за да ја разбуди свеста на Американците, за да се борат за слободата на угнетените како и против расната нетрпеливост.

Во осмиот век пред Христа, покрај личната и национална неправда, Бог го употребил пророкот Исаија за да ја разбуди свеста кај народот. Нивната дволична духовност поттикнувала насилство

и нечувствителност кон ближните. Божјиот избран народ ги угнетувал сиромашните и го заменил вистинското и праведно однесување со изопачените верски обреди (стихови 1-5). Бог ги опоменал преку пророкот и им пропишал духовен живот кој ќе се покаже по тоа што ќе му се обратат на Бога со искрено покајание и ќе ги ослободат угнетените и обесправени луѓе. „Раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот, и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните, и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол, - облечи го, и од крвните сродници не криј се“ (стихови 6-12).

Како Исаија, и ние сме повикани да се бориме со цел слободата да одекнува во светот. Со силата што ни ја дава Светиот Дух, мора да му објавуваме на светот дека заедно со нас може да ги скине неправедните окови, да ги разврзе врските на јаремот, да ги пушти на слобода угнетуваните, да ги скрши сите окови, бидејќи е време на Божјата милост и бидејќи „тогаш твојата светлина ќе светне како зора, и твоето здравје наскоро ќе процути, твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе те придружува“.

**ГРАДИВО 2/2024**
**Уводни стихови**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
**Управниот одбор на**
**Христијанската**
**адвентистичка црква**
**во Р. Македонија**

**Уредил:**
**Мелита Томовска**

**Одговара:**
**Томе Трајков**

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**